# Отец Стефан Санџакоски

## Маестро Таки Павловски: Антиципација на Невечерниот ден - Осми

Како сведоци на невенливото сознание на ликовниот поет маестро Таки Павловски словиме за благословениот подвиг на преточување на уметноста во сопствен стил на живеење. За подвигот на поетско разрешување на животните задачи. Оваа богочовекољубива димензија на творечките ресурси во ликовното творештво на маестро Таки Павловски ѝ овозможува херојско историско остварување на личноста. Таа му се спротивставува на бунтовното самољубие, на гладта по предметите, на опседнатоста од парите и похотта.

Маестро Таки Павловски живее во епоха чиј еквивалент е егзистенцијалниот крик по изгубениот образ на Другиот. Овој писок по запретаниот Архетип ќе ја исткае севкупната модерна цивилизација. Дијалошко-комуникативната димензија во ликовното творештво на маестро Таки Павловски е природно предизвикана од епохата чија особеност е гладта за општење. Настојувањата на епохата да се стапи во комуникација си наоѓаат своја реализација преку современата техника, но, и преку устројството на модерниот град и воопшто на општеството. Ќе си спомнеме на хипи колониите, советските колхози и израелските кибуци, како и на неконтролираното никнење на религиозните групи насекаде во светот.

Во тој контекст би го ставиле и "поопштествување" на предметите за производство, револуционерно уништување на милиони единки во името на "заедничко добро". Сето тоа го чини лицето и опачината на трагичниот немир чиј вртлог го зафати обескоренетиот човек на нашето време.

Маестро Таки Павловски катарзично проаѓа низ мерзоста на опустошување, исцелувајќи ја својата ликовност од егзалтираните состојби на западната антропоцентрична уметност. Ликовниот јазик на маестро Павловски не е резултат на голи естетски чувства и доживувања, ниту пак на сентиментализмот и пиетизмот на ликовното филистерство.

Синволизмот на ликовниот говор на маестро Павловски не се исцрпува на планот на перцепирањето и толкувањето на стварноста. Тој ветува да постане средство за причествување со стварноста.

Токму тој природен синволизан на светот му постанува светотаинство и ја овозможува светата тајна. Во апстрактно изобразените природни амбиенти посеани по Македонија се насира надсуштествената благодатна состојба на светот. Заради тоа сликите на маестро Павловски се несведливи на декор или илустрација. Тие претставуваат еквивалент на козмизмот создаден низ милениумското историско траење.

Кон иконографската постапка на маестро Павловски на надрастува острастената сентименталност со цел да се антипицираат незалезните простори на Невечерниот Ден Осми. Антропокорфизмот на секуларниот мистицизам авторот го става во состојба на издихание. Но тогаш кога човекот ипостасно ќе се вжители во досега апстрактно изобразуваните мислени светови врз белината на таблоата, маестро Таки Павловски ќе го поспеви триумфот на богочовечкиот реализам на византиското ликовно искуство над нео-паганскиот светоглед и иконоборството на модерното апстрактно сликарство. Таквата метаморфоза е природен епилог на ликовното творештво на маестро Таки Павловски. Неговото трагање по автохтоните корени и вредноста на македонската ликовна култура ќе се стави во контекст на Византиската иконографска и иконолошка пракса и предание. Како византинољубец маестро Павловски се оттуѓува од духот на световните идолатризирани уметности. На убавината ѝ ја претпоставува Вистината.

Имено, такво сликарство на духовен препород потребување денес кога постануваме свесни за долготрајниот процес на оттуѓување на вековната Византиско - словенска духовност. Од нејзиното оклопување во современите текови ќе зависи нашиот опстанок. Таа ќе го ослободи срцето на нашето православно битие од заточеноста во хемисферите на латиномислечките и латиноживеачките народи. Маестро Таки Павловски е еден од водечките актери на тој ослободувачки акт и процес.

